РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1752/6
24.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 16.04.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска**: д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.04.2025 година.

2. Предлог за запирање на покрената постапка за РТД ТВ СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за ТВ емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје.

4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ.

5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување хигиена во деловните простории на Агенцијата.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.04.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за РТД ТВ СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Појасни дека радиодифузерот, по иницирањето на постапката од страна на Советот за одземање на дозволата за телевизиско емитување, во текот на изминатата недела извршил уплата за долгот во целост, односно ја платил фактурата за годишниот надоместок за телевизиско емитување. Поради тоа, се предлага постапката за одземање на дозволата да се запре.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-1608/2 од 11.04.2025 година, Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0084 од 25.02.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за ТВ емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје. Тој појасни дека слично како и во случајот со претходниот радиодифузер, Советот иницирал постапка за одземање на дозволата. На денот кога се одржа седницата за иницирање на постапката, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги добила известување од Агенцијата за вработување, според кое бројот на вработени во телевизијата изнесувал 18, што е под законскиот минимум од 20 вработени, пропишан со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Во меѓувреме, изминатата недела беше извршена повторна проверка, при што беше утврдено дека бројот на вработени е само еден, што претставува сериозно прекршување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Дополнително, радиодифузерот не ја има подмирено ниту обврската за плаќање на годишниот надоместок за телевизиско емитување. Имајќи ги предвид овие два основа – неплаќањето на надоместокот и неисполнувањето на минималните кадровски услови, се предлага дозволата за телевизиско емитување да биде одземена. На крајот, г-дин Трајчевски нагласи дека, за жал, досегашното искуство покажало дека моделот на таканаречени „партиски

телевизии" е неодржлив, и изрази надеж дека тоа ќе го препознаат и самите политички партии.

Г-дин Петрушевски истакна дека, имајќи ги предвид преземените чекори од страна на радиодифузерот, како што се неплаќањето на годишниот надоместок и отпуштањето на вработените, очигледно е дека намерите на основачот се насочени кон згаснување на телевизијата и изрази жалење за таквата состојба.

Г-дин Фиданоски изјави дека, кога овој медиум влезе на македонскиот медиумски пазар, имаше амбициозни најави дека ќе претставува сериозен и квалитетен медиумски проект. Тој рече дека искрено се радувал на таквите најави, особено бидејќи и самиот доаѓа од таа фела, и секое отворање на нов медиум го доживува како позитивен развој. Потсети дека имало значајна инвестиција во инфраструктура во околината на Скопје и други ресурси, што дополнително ја зголемувало надежта дека станува збор за долгорочен проект. Изрази жалење што телевизијата е доведена во ситуација да згасне. Сепак, додаде дека искрено верува оти ваквиот медиумски простор нема да остане празен, и дека многу скоро ќе се појави нов заинтересиран субјект кој ќе сака да се натпреварува рамноправно на медиумската сцена.

Г-дин Трајчевски рече дека ќе даде едно појаснување. Објасни дека се работи за истото правно лице кое што влезе на медиумскиот пазар во 2017 или 2018 година, но во реалност, минатата година имаше сериозни проблеми со сопственичката структура на тој медиум, структура која всушност никогаш не се реализираше како што беше планирана. Наведе дека сегашниот медиум формално е ист со оној од пред неколку години, но во суштина станува збор за сосема различен субјект, во смисла на луѓето кои стојат зад него и начинот на кој функционира.

Г-дин Ајдини изрази жалење што еден голем медиум во државата згаснува на ваков начин. Посочи дека жали за севкупната инвестиција, како кадровска, така и техничка, како и за големиот број на вработени, од кои некои лично ги познава. Потсети дека, како што веќе истакна и г-дин Фиданоски, постоеја очекувања дека овој медиум ќе се развие во сериозен играч на медиумскиот пазар во државата. Нагласи дека Агенцијата, а особено и тој лично, се обиделе да воспостават соработка со радиодифузерот и на некој начин да помогнат за одржување на неговото функционирање, но за жал, тие обиди не вродиле со плод. На крајот уште еднаш изрази жалење поради одземањето на дозволата за емитување.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017г. на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2025-100-0086 од 28.02.2025г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025г.).

Фактурата 2025-100-0086 од 28.02.2025г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025г.), се сторнира и на субјектот, Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, му се издава нова фактура, која се однесува само на

периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на Одлуката за одземање на дозволата, која треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од Регистарот на радиодифузери на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ. Објасни дека при спроведен надзор било констатирано дека радиото емитува исклучиво музичка програма, што е спротивно на одобрениот програмски концепт. Наведе дека е остварена средба со претставници на радиото, односно со Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на која им биле укажани начините и можностите кои треба да се исполнат за радиото да функционира согласно концептот доставен до Агенцијата. Сепак, Универзитетот, односно Советот на универзитетот, донел одлука да се прекине со терестријално емитување и радиото понатаму да функционира исклучиво преку дигитални интернет-платформи. Г-дин Трајчевски изрази жалење што еден универзитет кој во своите студиски програми има насоки за новинарство, не успеал да го одржи медиумот во живот во традиционална, терестријална форма.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Република Северна Македонија – Државен универзитет „Гоце Делчев" Штип - Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, г-ѓа Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за предмет: услуга – одржување хигиена во деловните простории на Агенцијата. Посочи дека станува збор за набавка која е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата за нејзино реализирање се обезбедени во Финансискиот план за 2025 година. Со оглед на проценетата вредност, набавката ќе се спроведе како поедноставена, отворена постапка, согласно одредбите од Законот за јавни набавки што се однесуваат на овој вид постапки. Договорот кој ќе произлезе од оваа набавка ќе биде склучен на временски период од една година. Постапката за јавна набавка ќе започне со објавување на оглас преку електронскиот систем за јавни набавки, како и со објавување на огласот во Службен весник на Република Северна Македонија. Г-ѓа Митревска информираше дека сите дополнителни информации

поврзани со набавката се содржани во материјалите доставени до членовите за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување хигиена во деловните простории на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Одржување хигиена во деловните простории на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**